Република Македонија
Министерство за финансии

[redacted]

| | |
|---|---|
| ДО: | Влада на Република Македонија |
| | Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија |
| Предмет: | Мислење по Предлог- иницијатива на Здружението КОНЕКТ Скопје |
| Врска: | Ваш допис бр. 43-8701/ 2 од 20.09.2018 година |


Бр. 02-11467/2 09 -10- 2018
Скопје, __.10.2018 година
Влада на Република Македонија
Министерство за финансии
Сектор за даночна и царинска политика
ул. Даме Груев бр. 12
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3255-486
Факс:++ 389 2 3255-721
Е-пошта:danail.karov@finance.gov.mk
Веб страна: www. finance.gov.mk



Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 12 -10- 2018
Орг.Един. 43 Број 8703 Прилог /3 Вредност:


Почитувани,

Во врска со Предлог-иницијативата за годишната програма за работа на Владата на Република Македонија за 2019 „ Промени за одржливост: Предлог измени за закони кои се релевантни за финансиската одржливост на граѓанските организации" на Здружението Конект-Скопје, Ве известуваме за следното:

Во Предлог- стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020, утврдена е мерка за подготовка на подобрена законска и подзаконска рамка за сметководтство на непрофитни организации. Активностите за спроведување на оваа мерка ќе се реализираат во третото и четвртото тромесечје на 2019 година, согласно Акцискиот план за спроведување на Стратегијата. Со оглед на роковите од Акцискиот план за подготовка на законската и позаконската рамка за сметководство на непрофитните организации, Ве известуваме дека донесувањето на измените на Законот за сметководство на непрофитни организации ќе биде вклучено во годишната програма за работа на Владата на Република Македонија за 2020 година. Дополнително ве известуваме дека подзаконските акти за сметководство за непрофитни организации се вклучени во Стратешкиот план на Министерството за финансии 2019-2020 година.

Во делот кој што се однесува на Предлог-измените во даночните закони, Ве известуваме дека дел од Активностите кои што се опишани во Предлог измените на Законот за данокот на добивка и се дел од Предлог- стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020, планот за реализација на истите е последното тромесечје од 2018 година, додека за останатите предлог измени кои се однесуваат на Законот за данок на добивка односно за предлог измените на Законот за персоналениот данок на доход, Ве известуваме дека истите се цел на разгледување и анализа на Министерството за финансии.

Во оваа прилика би сакале да Ве известиме дека Законот за донации и спонзорства во јавните дејности не во надлежност на Министерството за финансии и според тоа не сме во можност да се произнесеме за истиот.

Воедно, Ве известуваме дека сите од горенаведените предлози доколку би биле имплеметирани во споменатите закони, би предизвикале фискални импликации по Буџетот на Република Македонија.

Со Почит,

д-р Драган Тевдовски

Министер за финансии

Изработил: Данаил Каров

Проверил: Душица К.Јаковчевска
Контролирал: Сузана Стојмироска
Проверено и од: Бранимир Јовановиќ